Ташева-Поцеска МАРИЈА

# КАРЛ МАРКС И НЕКОИ СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПЦИИ НА КЛАСАТА И КЛАСНИОТ КОНФЛИКТ

Со својата концепција на класата и класната борба, преку која ја прикажува постојната состојба на општествата и во исто време ги анализира законите на нивниот развој, Маркс побудува огромен интерес кај преставниците на социологијата. Нему му се оддава признание на автор кој има најголем придонес во унапредувањето на класната теорија. Дури и самите поими на класата, класната структура, класната свест и класниот конфликт, во својата современа интерпретација се врзуваат за неговите основни определби.

Токму затоа што е во центарот на социолошката јавност, неговата концепција за класата е предмет и на одобрување и на критики. Многу современи социолози, при конципирањето на сопствените модели, тргнуваат од неговиот модел на класната структура и класниот конфликт, но при тоа доаѓаат до заклучок дека неговата примена во анализата на современите индустриски општества е врзана за одредени тешкотии. Затоа и се обидуваат да ги коригират и да ги дополнат неговите основни тези, градејќи модели, кои самите ги оценуваат како попогодни методолошки орудија за анализата на современите општества. Овде станува збор за неколку претставници на поновата и современата социологија, кои својата концепција за класата ја градат преку полемиката со Марксовата концепција. Нивната критика би могла да се сведе на неколку тематски подрачја.

## *1 Критика во врска со поимот на класата*

Иако проблемот на класата Маркс го вклучува во разгледувањата на најголемиот број свои дела, тој не дал негова прецизна определба. Главата за класите во III-от том на Капитал, во која имал намера да ги синтетизира своите заклучоци во врска со неа останала незавршена. Во останатите дела,

зависно од нивото на апстракцијата и конкретната цел тој употребува две појмовни конструкции: апстрактен или чист модел на класата, кој е применлив за сите типови на класни системи и поконкретен модел, кој ги зема во обзир специфичните карактеристики на класите од определени општества. Овие две определби и го водат кон нивното двојно класифицирање.

Отсуството на конкретна дефиниција не пречи да се заклучи дека кај Маркс станува збор за динамичен класен модел. Преку категоријата на класата тој го објаснува настанокот на конфликтите во општеството и смерот на нивниот развој. Тој тргнува од ставот дека позицијата во сферата на економските односи ја определува човековата општа ситуација во општеството, дека сопственоста над средствата за производство или исклученоста од неа е тесно врзана со практикувањето на политичката контрола или исклученоста од неа, со остварувањето на експлоатација или нејзиното трпење. Класите по него го изразуваат односот меѓу сопствениците и несопствениците, меѓу потчинувачите и потчинетите, меѓу експлоататорите и експлатираните. Во исто време, во борбите на класите за измена на овие односи тој го гледа основното средство за реализација на прогресот.

Низа современи граѓански социолози ја прифаќаат таквата определба на класите во колку таа се однесува на општествената ситуација на западноевропските општества од раниот период на нивниот капиталистички развој. Дарендорф, во своето дело „Класата и класниот конфликт во индустриското општество"[1]), во кое полемизира со Маркс, се сложува со него дека класниот модел треба да им послужи и на структурните и на динамичките истражувачки цели. Тој прифаќа дека во условите на деветнаесеттиот век, кога Маркс го градел својот концепт за класата, односите во сферата на производството ја сочинуваат нужната основа за настанокот на класите и развојот на класниот конфликт. Меѓутоа, тој му замера што не дава прецизна дефиниција на сопственоста иако таа е централна категорија во неговиот класен концепт. Тој се прашува дали станува збор за сопственоста сфатена во широка смисла, како односи на фактичка контрола или подреденост во организацијата на индустриското производство, како ексклузивност на легитимна контрола, или пак во тесна смисла како статутарни сопственички права во врска со таквата контрола.[2]). Тој е наклонет кон тоа да поверува дека кај него станува збор за потесното значење, во смисла на легално препознатливо право на поседување, што, по неговата оценка, го води кон пог-

---

[1]) Ralf Dahrendorf, Class and Class Conflict in an Industrial Society, Routledge & Kegan Paul, London, 1967.

[2]) Ibid., 21.

решниот заклучок дека, ако сопственоста е детерминанта на класите, тогаш нивното укинување води кон бескласно општество. Со ова се сложува и Гиденс[3]), меѓутоа тој истакнува дека Маркс бил свесен за двете значења на терминот, а го употребил во потесното за да го потцрта условувачкиот карактер на економските над другите видови на односи. Впрочем, кога Маркс не би бил свесен за двете значења, тој не би можел да ја изгради својата анализа на акционерската компанија во модерниот капитализам, во која јасно ја покажува поделбата меѓу приватно-сопственичката и ефективната контрола во претпријатијата. Од друга страна, тој не се сложува со заклучокот на Дарендорф дека Маркс укинувањето на капитализмот го гледа во едноставното укинување на легалната приватна сопственост. Тој по него, претпоставува низа процеси, кои започнуваат да се остваруваат во самата капиталистичка организација и кои ја овозможуваат акцијата на работничката класа усмерена кон укинувањето на сопственоста.

Дарендорфовата критика на Маркс е центрирана околу неколку точки:

1. Од Марксовото дело тој го извлекува заклучокот, со кого не се сложува, дека најзначајните конфликти во секое општество се класните конфликти и дека сите социјални конфликти и сите структурни промени можат да бидат објаснети во термините на класните антагонизми. Тој прифаќа дека во некои општества класниот конфликт има значајна улога, но се сложува со Гурвич дека анализата на поимот на класата не претставува на секој начин клуч кој ги отвора сите врати на решението на проблемите на социјалната промена[4]). Всушност, Маркс никаде во своето дело не истакнува дека сите социјални конфликти можат да бидат објаснети во термините на класните конфликти, ниту пак тврди дека во конкретната историја тие се манифестираат преку една единствена форма. Од друга страна, самата современа ситуација, чиј сведок е и самиот Дарендорф, покажува дека тој ја потценува улогата на класните конфликти во остварувањето на општествената промена.

2. Тој го отфрла Марксовиот став дека општествената промена има револуционерен карактер. Тој не се сложува ниту со тоа дека револуцијата е неминовна, ниту со тоа дека кон неа води неограничената, неодржлива, апсолутна потреба. Тргнувајќи од примерот на западните индустриски општества тој е склон да заклучи дека општествената промена не е ограничена на револуционерна експлозија, а класните меѓуодноси не ги вклучуваат само конфликтите туку и процесите на прилагодувањето.

---

[3]) Anthony Gidens, The Class structure of the Advanced Societies, Hutschinson, London.., 1980, str. 71.

[4]) Dahrendorf, cit. delo, 133—135.

3. Дарендорф се обидува да му се спротивстави на Марксовиот став дека класите се секогаш антагонистички групи кои се стремат кон манифестен конфликт. Тој се сложува дека постоењето на класите е придружено со класен конфликт, дека односот меѓу нив е одреден со структурно условениот конфликт на интересите и во таа смисла е дел од нивната дефиниција. Дури не исклучува дека Марксовите ставови можат емпириски да бидат потврдени во определени општествени ситуации. Меѓутоа, истата емпириска евиденција го убедува дека класниот конфликт, не само што секогаш не добива форма на граѓанска војна, туку, во определени ситуации, спротивставените класи се способни за „ефективна структурна промена преку дискусија и преговори". За него „граaѓнската војна и прелиминарната дебата, штрајкот и преговорите, во основа се мотивирани од истиот тип на социјален однос и на тој начин претставуваат различни манифестации на идентична сила."[5])

Ова становиште на Дарендорф го прифаќаат и низа други социолози. Арон и Липсет, исто како него, заклучуваат дека класните антагонизми во современоста имаат изгубено од својот интензитет преку проширувањето на социјалните служби во сите општествени слоеви, преку прераспределбата на заработувачката и богатствата, преку прогресивните даноци, зголемената мобилност, проширувањето на граѓанските права на работничката класа и преку широко распространетата потрошувачка свест.[6])

4. Четвртата забелешка се однесува на проблемот кој веќе е споменат на неговиот концепт на класата, базиран на тесната врска меѓу сопственоста и класната поделба. По него тој е применлив само за кус период од Европската историја. Ова е поентата на неговата критика и поаѓалиштето од кое, обидувајќи се да го надмине Маркс, го гради сопствениот концепт за класата.

Тргнувајќи од условите на современите општествени односи во кои елементот на моќната позиција добива сè поголема нагласеност за сметка на приватносопственичките односи, тој оди дотаму во пренагласувањето на улогата на првиот, што го преобрнува односот кој Маркс го утврдил меѓу нив. Во таа смисла, како критериуми за припадноста во класите не ги зема поседувањето или непоседувањето на приватна сопственост, туку практикувањето или исклученоста од авторитетот.[7]) Неговата дефиниција на класата гласи: „Класите се социјални конфликтни групи чија детерминанта (или diferentia specifica) може да се најде во учеството или исклученоста од учеството во приме-

---

[5]) Dahrendorf, cit. delo, 135.
[6]) Alan Swingewood, Marx and Modern Social Theory, The Macmillan Press LTD, London, 1979, 179.
[7]) Dahrendorf, cit. delo, 136.

ната на авторитетот во било која императивно координирана асоцијација".[8]) Така, авторитарната структура на општествата како и нивните посебни институционални поредоци се ставени во ранг на структурни детерминанти за настанокот на класите и класниот конфликт, а општествената промена посматрана како резултат на диференцијалната распределба на позициите на авторитетот во општеството и нивните институционални поредоци.

Анализата на општествената реалност го убедува Дарендорф дека авторитарните односи не се последица на сопственичките односи, туку независни фактори, од кои можат да се изделат како односите поврзани со легалната приватна сопственост, така и оние поврзани со општествената сопственост. Тој го прифаќа мислењето на Гајгер и Бурнхам дека „сопственоста, во социолошка смисла, на прво место претставува дозвола да се исклучат другите од контролата над објектот"[9]). За него таа е само еден тип на авторитет, односно има потесно значење од него.

Дилемата околу примарноста на економската или политичката моќ во современите општества е присутна и кај други социолози. Таа го води Арон кон барањето на релациите меѓу Маркс и Парето[10]). Меѓутоа, тој не е никогаш толку исклучителен при нагласувањето на авторитарните односи над економските. Дарендорф, со своето обрнување на поставената од Маркс релација економија — политика, класата ја определува не како економска туку како политичка категорија.

## *II. Полемики околу двокласниот или повеќекласниот модел*

Структурата на капиталистичкото општество Маркс ја прикажува користејќи го или двокласниот или повеќекласниот (најчесто трокласниот) модел. Причините за таквата двојственост се определуваат на различен начин. Некои (Дарендорф) нив ги согледуваат во борбата меѓу филозофското и социолошкото стојалиште во неговото дело. Други ги поврзуваат со неговите практични цели. По Сингевуд, неговото полемичко стојалиште го водело кон прикажувањето на класната структура во дихотомни термини, додека неговиот научен метод кон плуралистичкиот концепт на класната структура.[11]) Слично на ова, Осовски констатира дека Маркс дихотомната класификација ја применува во делата од пропаганден карак-

---

[8]) Ibid., 139.
[9]) Ibid., 137.
[10]) Raymond Aron, Social Structure and the Ruling Class, vo R. Bandrix and S. M. Lipset, (Eds.), Class, Status and Power, The Frec Press of Glencoe, 1953, 567—577.
[11]) A. Swingewood, cit. delo, 128.

тер со цел да го поттикне развојот на работничката самосвест, додека во делата со научен карактер тој ја дополнува оваа класификација со воведувањето на средните класи.[12]) Можеби најадекватен став во оваа полемика е оној на Гиденс кој двојната класна шема ја доведува во врска со двојниот аспект на неговиот класен концепт — апстрактниот и конкретниот. Преку апстрактниот концепт, кој го води кон дихотомната класификација, тој настојува да ги прикаже базичните општествени односи кои го условуваат настанокот на класите, како и базичниот антагонизам меѓу нив. Во конкретната, пак, анализа тој ги диференцира постојните класи во општествата што ги истражува.

Инаку, и едниот и другиот модел се предмет и на одобрување и на критика. Дарендорф го прифаќа дихотомниот модел, делејќи ги луѓето во две класи врз база на нивното учество или исклученоста од авторитетот.[13]) Меѓутоа, неговиот модел не се однесува на тоталните општества, туку на специфичните асоцијации во нив.[14]) Во секоја императивно координирана асоцијација, а за такви тој ги смета сите асоцијации во кои се манифестираат авторитетни односи, почнувајќи од државата па завршувајќи со крикет клубот, се формираат два пола на поврзување на интересите, од кои едниот го претставуваат оние кои го практикуваат авторитетот, додека другиот оние на кои тој се практикува.[15])

Ваквиот опис на конституцијата на класите го води Дарендорф кон опасноста сосема да го разводни нивниот поим. Зашто ако дволполното подвојување се остварува во секоја асоцијација посебно, тогаш може да се зборува за неограничен број на модалитети на двата класни типа. Ова го сфаќа и самиот тој и затоа својата дискусија ја ограничува на две ос-

---

12. Stanislaw Ossowski, Class Structure in the Social Consciousness, London, 1963.

13. При определувањето на поимот на авторитетот Дарендорф се служи со поимот на власта определен од Вебер, правејќи како него разлика меѓу нејзините неинституционализирани и институционализирани јавувања. Тој нагласува дека „значајната разлика меѓу моќта и авторитетот се состои во фактот дека, додека моќта е суштински поврзана со личноста на индивидуите, авторитетот е секогаш придружен со социјалните позиции или улогите" (цит. дело, 106).

14. Dahrendorf, cit delo, 213.

15. Дарендорф зборува за два начина на поврзувањето на луѓето во класи, преку латентните и преку манифестните интереси. Кога луѓето се поврзуваат преку латентните интереси тогаш станува збор за квази -класи. Кога пак, во текот на конфликтите, тие ја изградуваат свеста за сопствениот интерес, односно кога интересите ќе станат манифестни, тогаш тие прераснуваат во класи. Прифаќајки го Марксовиот дихотомен модел, Дарендорф во исто време ја прифаќа и неговата теза за преобликувањето на класите од класи по себе во класи за себе преку изградбата на нивната класна свест, како и тезата за големата улога на класната свест во водењето на класната борба.

новни асоцијации — државата и индустриското претпријатие. Со ова тој повторно му се приближува на Маркс иако цели да се дистанцира од него.

Постои уште нешто што го прави проблематичен Дарендорфовиот класен модел. Практикувањето на авторитетот тешко би могло да се прикаже преку дихотомна скала. Авторитетот секогаш претпоставува хиерархиска скала чии сегменти не морат да бидат ослободени од конфликти. Тој дури може да биде многу поинтензивен меѓу сегментите на хиерархиската структура која го практикува авторитетот, отколку меѓу неа и и оние што не поседуваат авторитет[16]).

За разлика од Дарендорф, Арон не го прифаќа Марксовиот дихотомен модел. По него тој претставува неадекватна рамка за проучување на класната подвоеност дури и во деветнаесеттиот век а уште повеќе за онаа во современите општества. Дихотомијата тој ја согледува како средство со кое се прикажува отворениот антагонизам меѓу класите кои во текот на класната борба успеале да постигнат цврста внатрешна консолидација. Од друга страна тој претпоставува секоја од класите, со идентичноста на својата општествена ситуација да биде јасно изделена и ставена наспроти другата. Во времето на раната индустријализација на европското општество како случај на антагонистичка класа, по него, се јавува пролетаријатот, кој е исклучен од политичката моќ, кој живее и работи во услови кои го деградираат. Меѓутоа, другата класа-буржоазијата, со своето внатрешно разнородие не одговара на условите на категорија со јасно определени карактеристики.

Класите по Арон ретко кога се толку јасно определени групи како пролетаријатот од деветнаесеттиот век. Тие посебно не се такви во современиот свет, кога општествата, во текот на својата интензивна промена ги разрешуваат старите дискриминаторски односи и создават нови. Нееднаквостите во нив продолжуваат да постојат, но тие се остваруваат во околности на постојана промена, што води кон тоа нивната хиерархиска структура да биде флуидна и нејасно ограничена. Ниту една од четирите класи кои, по него, најчесто се споменуваат од страна на социолозите — буржоазијата, средната класа, селанството и работничката класа не е толку прецизно дефинирана група, со јасно изградена класна свест како што претпоставува Маркс.

Марксовиот дихотомен модел на класната структура го отфрла и Осовски. Тој си поставува за цел, во духот на владеачката идеологија на својата земја ,да ја определи класната структура на социјалистичките општества, останувајќи притоа

---

16) На овој проблем укажува Гиденс во погоре цитираното дело (стр. 72—73).

во рамките на Марксовата теорија. Во тој дух тврди дека кај Маркс покрај дихотомната, која ги потенцира конфликтните релации и скалестата, која ги објаснува структурните карактеристики на општествата, постои и трета, функционална шема во која различните класи се разгледуваат преку нивната функционална меѓузависност. Користејќи таква, трочлена функционална шема, тој ја прикажува класната структура на социјалистичките општества, не излегувајќи притоа од Сталинистичките тези за разрешените внатрешни антагонизми меѓу класите.[17])

*III Полемики околу применливоста на Марксовиот модел на класата во истражувањето на современата општествена структура*

Во својата студија „Класното општество во лонец за топење"[18]), Теодор Гајгер ги прифаќа основните Марксови ставови при определбата на класата, но ја доведува во прашање нејзината применливост во современите општествени услови. Тој го усвојува Марксовиот двокласен модел и во исто време се сложува со него дека анализата на класите има динамички цели. Меѓутоа, тој наоѓа дека во современоста отсуствуваат процесите кои Маркс ги определува како придружни појави на определената насока на капиталистичкиот развој, како што се пауперизацијата на работничката класа, зголемувањето на степенот на нејзината униформност, тенденциите на пролетаризација на старата средна класа и сл. Ова го зацврстува кај него убедувањето дека Марксовиот модел на класното општество е зголен за истражувањето на периодот на либералниот капитализам, но не и за современата општествена ситуација.

Уште пред да продре во целосното општество, класната структура по Гајгер ја пореметуваат низа структурни трендови кои ја „поместуваат и замрачуваат стратифакцијата на капиталот и трудот".[19]) Во современите услови, класната структура се заменува со нов тип на структура на тој начин што се менува степенот на доминацијата на структурните детерминанти. Тој наведува повеќе конфликтни процеси кои водат кон замрачувањето на класната структура и обликувањето на новата, како што се конфликтите меѓу градот и селото, тенденцијата кон самостојна политичка акција на дел од старите и

[17]) Stanislaw Ossowski, Les Différents aspects de la classe sociale chez Marx, Chiers Internationaux de Sociologie, Vol. XXIV, 1958, 65—80.

[18]) Theodor Geiger, Die Klassengesellschaft im Schmelztiegel, Cologne and Hagen, 1949.

[19]) Ibid. Cit. по Dahrendorf, cit. delo, 97—98.

нови средни стратуми, растечкото значење на потрошувачкиот статус, конфликтот меѓу учесниците во производството и оние во потрошувачката, зголеменaта моќ на бирократијата. Во својот опис на „новите смерници", тој им дава нагласок на некои особености на општествата од современоста, како што се новото поле на општествениот конфликт (меѓу потрошувачите и индустријалците), изменетите услови на доминацијата владеењето на експертите), општите социјални трендови (потрошувачкиот статус), меѓутоа прецизно не го определува моделот на општествената структура.

На новите трендови на современиот развој на индустриските општества — капиталистички и социјалистички, кои ја прават неприменлива Марксовата концепција за класата укажува и Арон. Во текот на овој век, по него се остваруваат брзи структурни промени. Контингентот на слободната работна сила брзо се поместува од сферата на примарните, кон сферата на секундарните и терцијалните дејности. Незапирливиот тек на овој процес води кон ситуација да се чувствува недостиг на мануелна работна сила, што бара враќање на дел од оние кои се бават со интелектуални и полуинтелектуални дејности кон работничките занимања. Но низа причини од општествена и психолошка природа го отежнуваат таквото враќање. Затоа и работничките плати во текот на овој век прогресивно се зголемуваат, што по себе не води кон изедначување на животните услови на сите членови од општеството.[20]) Имено, намалувањето на јазот на заработувачката е следено со процес на трансформација на економскиот поредок, на менување на односите меѓу стопанските гранки, при што јакне профитот на оние од неесенцијалната индустрија а се редуцира на оние кои ѝ се најкорисни на заедницата. Така, и покрај намалувањето на јазот во заработувачката на високата елита и работничките занимања „контарстот меѓу луксузот кој го уживаат привилегираните групи и бедата на масите станува поостар од било кога порано".[21]) Државните мерки со кои производството на храна и други производи неопходни за егзистенцијата се држи на ниско ниво, доведуваат до тоа нивните цени да бидат толку високи што апсорбираат голем дел од работничката плата, што условува животниот стил на работниците да биде различен од оној на високите класи.

Арон се сложува со Маркс дека класите претставуваат значајни агенси на историјата во оној обем во кој успеваат

---

[20]) Арон го прикажува процесот на намалувањето на разликите во заработувачката преку прегледот на промената во односот меѓу највисоката и најниската плата (плата на претседателот на републиката наспроти просечната заработувачка на мануелните работници). На почетокот на XIX век овој однос бил „25x1, еден век подоцна 10x1, а во 1946 5x1 (Aron, во Bendix and Lipset (Eds.) cit. delo, 571.

[21]) Ibid. 571.

да ја изградат својата класна свест. Во таа смисла оценува дека работничката класа ќе успее да ги измени условите на својата егзистенција ако ги открие патиштата на сопствената консолидација. Меѓутоа неговите согледувања го убедуваат дека таа во современите Европски општества не ја поседува онаа форма на класна свест која е неопходна за потстрекнувањето на базични општествени промени, што не значи дека современата моќна структура останала на нивото на деветнаесеттиот век. Тој укажува на видливиот процес на трансформација на економската и политичката моќ, кој во некои земји се остварува побрзо а во други побавно, но кој кај сите води кон „намалување на политичката моќ на капиталистичките економски водачи и зголемување на онаа на водачите на масите.[22])
Така прогресивно се менува композицијата на управувачката елита со што се јавуваат постојани варијации во релативното значење на различните групи.

Својот став за неадекватноста на марксовиот модел на класата на новата општествена стварност, Дарендорф меѓу другото, ја искажува и на тој начин што го отфрла терминот класа, заменувајќи го со интересна група. Групите во западните општества од дваесеттиот век, по него, видливо се разликуваат од оние кои еден век порано ги имал во предвид Маркс кога ја градел својата концепција за класата. Тој укажува на процесите кои во текот на овој век доведуваат до „прогресив на институционализација на вредностите на постигнувањето и еднаквоста"[23]) подигнувајќи ги бариерите кои Маркс ги определува како придружници на поимот на класата.

Интересните групи од современоста еднакво како и класите од минатото, по Дарендорф остануваат конфликтни групации. Тој никогаш не се откажува од идејата дека трајниот меѓугрупен конфликт ја претставува основата на општествениот развој. Сепак, убеден е дека во современоста тој добива нова физиономија. Како основна причина за тоа тој го наведува губењето на улогата на сопственоста како детерминанта на конфликтните односи. Конфликтот ги определува промената и животот во современите општества, но тие градат механизми за неговата регулација. Со тоа се постигнува тој да се институционализира, да добие стандардизирана форма.[24])

Во применливоста на Марксовиот класен модел во современи услови се сомнева и Осовски. Тој по него е ограничен на онаа форма на општество во кое економската моќ е главниот извор на социјалната и политичката организација, а такво е општеството од времето на раниот капитализам. Општествените промени кои се случуваат по деветнаесеттиот век от-

---

22) Ibid., 577.
3) Dahrendorf, cit. delo, 201.
24) Ibid., 226.

стапуваат од шемата што тој ја поставува. Како прво, социјализмот отстапува од капитализмот, затоа што не се надоврзува на него како што претпоставувал Маркс. Како второ, во својот понатамошен тек тие почнуваат да покажуваат некои сличности. Денес по Осовски, Марксовата шема на класната структура, во својата класична формулација, не е применлива ниту за класната структура на западните општества, во кои сопственоста повеќе не е владеачки принцип, ниту за социјалистичките во кои таа е укината.

„Во ситуациите каде политичките авторитети можат отворено и ефективно да ја променат класната структура; каде привилегиите кои се најсуштествени за социјалниот статус, вклучувајќи ги и оние на повисокото учество во националниот доход се доделуваат преку решението на политичкиот авторитет, каде големиот дел дури и мнозинството од населението е вклучено во стратификацијата од тип кој се сретнува во бирократската хиерархија — концептот на класата на деветнаесеттиот век станува повеќе или помалку анахронизам, и класните конфликти им го отвораат патот на други форми на општествен антагонизам“.[25])

## *Завршни забелешки*

Споменатите автори кои, во контекстот на својата полемика се обидуваат да го надминат Маркс, градејќи посеопфатни и посоодветни концепции за класата и класниот конфликт, сепак остануваат врзани за неговите основни ставови. Во таа смисла повеќе би можело да се зборува за обиди, во условите на новата општествена стварност, неговите основни поими да се воопштат и редефинират, како би се направил неговиот појдовен концепт за класата применлив за улсовите на индустриските општества.

Марксовиот став дека сите класни општества се општества на нееднакви е општо прифатен. Меѓутоа, наведените автори констатираат дека нееднаквоста во современите капиталистички, а уште повеќе социјалистички општества — или како тие ги нарекуваат индустриски општества од капиталистички и социјалистички тип, не може да се определи преку детерминантната улога на сопственоста, сфатена како легално право на поседување на средствата за производство.

Во текот на последниот век се случуваат низа процеси од кои еден многу значаен, изделувањето на контролата од легитимното право на поседување приватна сопственост, своите почетоци ги има уште во Марксовото време. Неоспорно е дека

[25]) S. Ossowski, Class Structure in..., 184.

денес економските фактори се сè уште доминантни во однос на политичките, но мора да се признае дека вторите добиваат сè поголема нагласеност и уште повеќе, тие ја рушат тесната врзаност со првите.

Од друга страна, во условите на незапирливата внатрешна диреференцијација на општествата, нивната сè понагласена структурна, комплексност, тешко би можела да се претстави преку дихотомниот класен модел. Тој има методолошко оправдување ако се примени на ситуацијата на која самиот Маркс го применувал — капитализмот од деветнаесеттиот век, во кој антагонизмите во сферата на сопственичките односи ги претставуваат основните општествени антагонизми.

Меѓутоа новата општествена ситуација бара извесно воопштување на основните категории кои ја претставуваат основата на теориските модели преку кои таа се објаснува. Во исто време потребно е да да им се посвети поголемо внимание на поголем број варијабли при што нема да се инсистира на нивната хиерархичност.

Maria TASHEVA-POCESKA

KARL MARX AND SOME CONTEMPORARY ASPECTS OF CLASS CONFLICT

Marx, the author of an emmense contribution to the theory of class and class conflict, is still interesting for scholars of modern sociology. Some including Dahrendorf, Aron, Gayger, Osovski, established their own view on class by polemizing with Marx's ideas. From these critiques of Marx the author surveys his definition of class, the adoption of the model presenting the class structure to societies and its application in the studies of contemporary societies.

Contemporary critiques of Marx claim that he came to know the essence of class, and of class conflict when he based his model on global-structural relations, of which the area of production prevailed. However, this model is thought by them only adequate in the Nineteenth century. The contemporary trends of life lead to a reformation of the social structure, which means that apart from the sphere of production other relatons are equally becoming important.

Marx's models of the class structure: two-class-based, and pluri-class based, are a subject of an argumentative discussion, and depends on whether the authors attempt to demonstrate the dominant relations in global societies or the structural characteristics of concrete societies. When they discuss contemporary socie-

ties where the process of internal differentiation result in a structural complexity, the dichotomous model cannot be successfully applied.

In accepting Marx's basic views on the class problem, the contemporary sociologists also suspect their applicability in the contemporary world. Industrial societies have a new form of structure in which the old dominant relations of society have been transformed. The processes of transformation of the economic and political powers result in a reduction of the political power of the economically dominant groups, and in turn on increase in the power of the masses. These processes further cause a new composition of structural elements.